И Јас Сум
Здружение за поддршка и развој

ЗАПИСНИК ОД ОНЛАЈН СОСТАНОК

Можности за реализација на предлог пилот-проект во СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово во учебната 2026/2027 година

Датум: 08.06.2026

Време: 14:00 часот

Платформа: Google Meet

Записничар и претседавач: Љубица Стојановска

Присутни:

1. Љубица Стојановска, активистка во Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“
2. Анита Китановиќ, психолог во ОУ „Јосип Броз Тито“ од Валандово
3. Љубица Невеселова, социолог во СОУ „ Гоце Делчев“ од Валандово

ДНЕВЕН РЕД

1. Важноста на градење тим заснован на доверба.
2. Важноста на развивање свесност за себерегулација кај младите и поддршка на родителите за свесно родителство.
3. Презентација на предлог пилот-програмата за средношколците од СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово и нивните родители.
4. Дискусија по презентираните теми и програмски содржини.
5. Разгледување на можностите за соработка и формирање тим за реализација на предлог пилот-програмата.
6. Дискусија за можни извори на финансиска поддршка за реализација на предлог пилот-програмата.
7. Дефинирање на каналите за комуникација и утврдување на следните чекори.

ТЕК НА СОСТАНОКОТ

• Беше истакната важноста дека заедничкото место на раст, развој и живеење, заедно со професионалните заложби на присутните, претставуваат основа за меѓусебна соработка насочена кон унапредување на состојбите кои ги засегаат младите, родителите, образованието и поширокаta заедница.

• Беше нагласена важноста од потребата за развивање свесност за себерегулација кај младите и поддршка за родителите за свесно родителство како основа за здрав развој на младите.

• Беше презентирана првичната (нацрт) верзија на пилот-програмата, која предвидува реализација во времетраење од два месеци во учебната 2026/2027 година, со динамика од еднаш неделно, по два наставни часа, интегрирани во распоредот на една паралелка од СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово. Како најсоодветна целна група беа предложени ученици од прва година од стручните паралелки, при што часовите би се одржувале на крајот од наставниот распоред во ден со најмал број наставни часови.

• Родителите ќе бидат вклучени во програмата истиот ден, по завршување на работните обврски, во 17:00 часот. Предвидено е надоместување на патните трошоци за нивното учество.

• Содржината на програмата за младите е предвидена во најголем дел да се реализира преку интерактивни работилници, со цел учесниците да ги истражуваат своите репрезентативни модели на однесување и начинот на однесување, како и нивното влијание.

• Целта на програмата за родителите е освестување на влијанието што нивниот начин на однесување и делување го има врз децата, како и развивање на вештини за препознавање на ризични однесувања кај младите и соодветно справување со истите.

• Пред почетокот на пилот-програмата ќе се одржи информативна сесија за сите засегнати страни, со цел запознавање со целите, содржината и очекуваните придобивки од програмата.

• Беше изнесена информација дека постои можност за користење на простор и ресурси во СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово за потребите на програмата.

• Беа разгледани можни извори на финансиска поддршка, меѓу кои: локалната самоуправа во Валандово, приватни деловни субјекти, Еразмус+ програми, како и други грантови и субгрантови од релевантни организации.

• Сите присутни изразија согласност за формирање на заеднички тим за планирање, спроведување, евиденција и евалуација на пилот-програмата.

• Договорено е следниот состанок да се одржи со директорот на СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово, со цел разгледување на можностите за институционална поддршка.

• Договорено е да се пристапи кон изработка на детален проектен план, кој ќе ги опфати активностите, роковите, ресурсите и распределбата на одговорности.

ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ

• Постои заедничка согласност за реализација на предлог пилот-програмата.
• Формирана е иницијална основа за тимска соработка помеѓу присутните учесници.
• Предлог пилот-програмата претставува добра основа која треба дополнително да се дорабоги и унапреди.
• Договорени се следни чекори за институционална и проектна подготовка.

ОЧЕКУВАН РЕЗУЛТАТ

Изработка на детален проектен план и отпочнување на институционални консултации.

Состанокот заврши во: 14:50 часот.

Со својот потпис, присутните потврдуваат дека записникот го отсликува текот на состанокот, разгледаните прашања, донесените заклучоци и договорените активности.

Потпис:

1.Љубица Стојановска _____

2.Анита Китановиќ _____

3.Љубица Невеселова _____